**ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ГОДИШЕН ПОВИК ЗА ПРОЕКТИ ЗА 2013-2014 ГОДИНА

## Проект за соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија

Француският регион Долна Нормандија и Република Македонија соработуваат веќе шест години со цел да го поттикнат територијалниот развој и децентрализацијата во Македонија и во Долна Нормандија. Целта на соработката е да се овозможи отворање на двете територии кон светот, особено кон Европа и на таков начин да се одговори на регионалните, националните и меѓународните препораки во однос на територијално уредување, пренесување на надлежности и почитување на принципот на супсидијарност.

Во 2007 година, Регионот Долна Нормандија и Република Македонија потпишаа тригодишен договор за соработка, кој беше обновен во 2010 и во 2012 година.

Оваа соработка е финансиски поддржана од францускотo Министерство за надворешни работи во соработка со Француската амбасада на Македонија. Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) е координатор на проектот. Канцеларијата за децентрализирана соработка во Скопје е вкучена во целосната координација и ги јакне врските помеѓу чинители од двете територии кои се дел од оваа соработка.

Преку програмата се воспоставени различни нивоа на партнерства во рамките на локалното владеење како: политички институции, единици на локална самоуправа, училишта итн. Денес, постојат повеќе од 40 партнерства меѓу различни институции и организации од јавниот и граѓанскиот сектор кои работат на различни теми: нови технологии во служба на човековите права (слободна на изразување, интелектуална сопственост, заштита на лични податоци), младински стратегии, политики за заштита на културно наследство, туризам и култура, и рурален развој.

Третата фаза од програмата за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија започнува пред крајот на 2013 година, и ќе биде спроведувана во периодот од 2013 до 2015 година.



*Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија*
Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. Партизански одреди 15а 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org | www.bn-mk.org

Новата тригодишна програма ќе се темели на 3 главни оски:

1. **Институционална соработка** помеѓу Регионот Долна Нормандија и македонските власти, вклучувајќи ја соработка меѓу општините од двете територии;
2. Институционални партнерства на тема **човекови права и мир**;
3. Придружување на Македонија во процесот за европска интеграција преку **повик за проекти** на следните теми: колективно сеќавање, помирување, заштита на културно наследство и човекови права.

Новата програмата предвидува промена на досегашната практика на работа на организациите во тандем, иако тие и понатаму може да ја продолжат заедничката работа и да одговорат на повикот доколку нивните идеи совпаѓаат со темите од повикот.

## Повик за проекти

### 1.1. Цели и методологија

Овој повик за проекти има цел:

- да се зајакне вмрежувањето на територијални чинители од регионот Долна Нормандија, во согласност со националните и европските политики; и во соработка со локални власти и со Центрите за регионален развој во Република Македонија;
- да се поттикне локалниот развој преку спроведување на проекти кои вкучуваат повеќе сектори, теми, нивоа и видови на партнери.
- да се промовира размена на знаења, искуства и експертиза меѓу Долна Нормандија и Македонија.

Активностите во рамките на програмата за децентрализирана соработка треба да:

- привилегираат територијален пристап за развој кој ги зема предвид локалните потреби и потенцијали;
- поттикнуваат територијална кохеренција, рамномерен и долгорочен развој преку соработка и комуникација на различните нивоа на власта и бизнис секторот;
- поттикнуваат активно учество на граѓаните и на граѓанските здруженија;
- јакнат капацитети на различните чинители во територијалниот развој;
- подигнат свест за меѓу културен дијалог во европски контекст;
- промовираат демократија, активно граѓанство, човековите права и мир во Долна Нормандија и Македонија.



*Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија*
Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. Партизански одреди 15а 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org | www.bn-mk.org

### 1.2. Теми за аплицирање за предлог проекти

За овој повик за предлог проекти 2013/2014 година, идентификувани се три теми за аплицирање:

- Сеќавање и помирување *(на англиски: remembrance and reconciliation)*
- Заштита на културно наследство,
- Човекови права.

Предлог проектите треба да вклучат и да обработуваат најмалку една од наведениве теми.

Секој предлог проект кој нема директно и експлицитно да обработува една од наведените теми нема да биде одобрен, без при тоа да биде доведено во прашање неговото значење.

### 1.3. Право на учество

Проектот е отворен за организации/институции од Македонија и Долна Нормандија. Право на аплицирање имаат:

- Здруженија на граѓани и фондации,
- Единици на локална самоуправа,
- Области, департмани, заедница на области од Долна Нормандија,
- Центри за регионален развој од Македонија,
- Институции за образование и центри за обука

Проектот треба да вклучи :

- Неколку партнери, доколку носителот на проектот е од Македонија, барем еден од останатите партнери треба да е од Долна Нормандија и обратно. Здружувањето на различни партнери се смета за предност.
- Чинители во областа за локален развој: јавни институции, здруженија на граѓани, претпријатија итн.

Се охрабрува вклучување на партнери од повеќе сектори.

Напомена: Ќе биде земен предвид само еден проект по апликант.

### 1.4. Времетраење на проектот

Проектот треба да биде спроведен во период од 11 месеци и да започне на 1 јануари 2014 година.

Проектите може да бидат предложени за период од 3 години, при што повикот за проектите за 2013-2014 год. ќе претставува прва фаза од тригодишен акционен план кој треба да се достави

во предлогот. Координаторот на програмата за децентрализирана соработка има право да не го продолжи финансирањето на проектот доколку не одговара на поставените цели, зависно од годишните извештаи кои треба да се достават од страна на носителите на проектите.

### 1.5. Критериуми за селекција

Проектите ќе бидат избрани врз основа на следниве критериуми: вид на активност, импакт во Македонија и Долна Нормандија, усогласеност со предложените теми.

Вид на активност : целта на проектот е да се вмрежат локалните чинители на една територија (Македонија или Долна Нормандија). Треба да бидат истакнати критериумите за одржлив развој.

- Импакт: активностите треба да ги вклучат двете територии, Македонија и Долна Нормандија. Носителот на проектот треба да прикаже дека има договор за соработка со другите партнер организации (меморандум за соработка и сл.).
- Усогласеност со предложените теми.

Нема да бидат одобрени проектите кои :

- Предвидуваат активности кои немаат придобивки и за на Македонија и за Долна Нормандија;
- Предвидуваат активности само во Македонија или само во Долна Нормандија;
- Се финансирани или се остваруваат во рамките на друга финансиска мерка на Регионот Долна Нормандија (кофинансирањето на проектот од други фондови ќе се смета за предност);
- Предвидуваат активности со кои ќе се финансира опрема и инфраструктура (инвестиции);
- Не се совпаѓаат со предложените теми во овој повик и не создаваат импакт на двете засегнати територии.

Сите проекти треба да бидат во рамките на соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија и треба да одговорат на општите цели на програмата за соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија, како и да ги следат правилата за комуникација на програмата.

### 1.6. Услови за финансирање

Во рамките на повикот за проекти, програмата за соработка со Долна Нормандија и Македонија ќе додели грантови на избраните партнери. Целосниот износ на средствата кои ќе бидат доделени за овој повик на проекти изнесува 90 000 евра годишно.



*Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија*
Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. Партизански одреди 15а 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org | www.bn-mk.org

Доделениот грант ќе изнесува **50% од предвидениот буџет на предлог проектот**. Од друга страна, во рамките на овој буџет само 7% од глобалната сума треба да бидат посветени за оперативни трошоци. За одобрените проекти, носителите на проектите треба да изработат годишни извештаи кои координаторот треба да ги признае и да ги оправда пред да бидат испратени средтвата (во случај на две или тригодишен проект).

**1.7. Административни и финансиски услови**

Предлог проектите ќе се оценуваат од страна на комисија:

Комисијата ќе биде составена од претставници на :

- Регионалниот совет на Долна Нормандија;
- Влада на Република Македонија ;
- Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА);
- Меѓународен институт за човекови права и мир од Каен;
- Француска амбасада во Македонија.

По селекцијата на проектите, организациите избрани за спроведување на проектот ќе потпишат конвенција со Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) во траење од 11 месеци.

Носителите на проектите се обврзуваат да ги спроведат активностите претставени во предлог проектот и да ги искористат добиените средства исклучиво за таа намена. Во случај на неостварување на обврските од страна на корисникот, од истиот може да биде побарано враќање на веќе добиените средства.

Носителите на проектите ќе мора, до Регионот Долна Нормандија, да достават средишен и финален наративен и финансиски извештај за напредокот на проектот.

Регионот Долна Нормандија и Асоцијацијата на агенции за локална демократија го задржуваат правото да извршат проверка на лице место, пред и по доделувањето на средствата со цел да утврди почитувањето на конвенцијата. За време на проверката, корисникот на грантот треба да ги достави сите документи за направените трошоци во рамките на проектот.

Непочитувањето на обврските и правилата утврдени со овој повик за проекти може да резултира со раскинување на потпишаната конвенција, без надоместок.

Сите промени на конвенцијата ќе бидат предмет на писмен договор меѓу двете страни, склучен во иста форма како и претходната конвенција.



*Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија*
Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. Партизански одреди 15а 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org | www.bn-mk.org

## 1.8. Документи за доставување

Ќе бидат разгледувани само целосните апликации кои содржат:

- 1 наративен предлог – проект според формуларот во прилог
- 1 предлог буџет за проектот според формуларот во прилог
- Статут на носителот на проектот
- Меморандум за соработка меѓу партнерите

## 1.9. Јазик

Апликациите може да бидат доставени на македонски или француски јазик.

## 1.10. Визибилитет

Корисниците на грантот треба да обезбедат визибилитет, промоција и транспарентност на нивните активности и на програмата за соработка. Имаат предност проектите кои ќе предложат план за комуникација.

## 1.11. Процедура и временска рамка

| ДАТУМИ | ЕТАПИ |
|---|---|
| **15 септември 2013 година** | Објавување на повикот за проекти |
| **15 ноември 2013 година** | Затворање на повикот |
| **1 декември 2013 година** | Објавување на резултатите |
| **1 јануари 2014 година** | Почеток на проектот |

Предлог-проектите треба да се испраќаат по електронски пат пред 15 ноември на:

bn-mk@aldaintranet.org



*Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија*
Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. Партизански одреди 15а 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org | www.bn-mk.org

**Контакти**
Канцеларија за децентрализирана соработка Долна Нормандија и Македонија
Ивана Димитровска, Шеф на канцеларија
Адреса: Булевар Партизански одреди 15а 2/2, Македонија
bn-mk@aldaintranet.org
www.bn-mk.org